**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5449 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на анализираните прилози во периодот од 22 до 31 октомври е 3 часа 9 минути и 52 секунди. Станува збор за десет изданија на Вестите на ТВ Шења емитувани во 18.55 часот. Целокупното време на анализираните прилози се однесува на претежно информативните жанрови - вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:05:42 | 3,00 | % |
| Влада на РМ | 00:16:44 | 8,81 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:44 | 0,91 | % |
| Беса | 00:10:06 | 5,32 | % |
| ДИК и други органи | 00:21:13 | 11,17 | % |
| Без субјекти | 00:27:37 | 14,55 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:26 | 7,60 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:59 | 4,73 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:41 | 12,47 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:22 | 5,99 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:58 | 3,67 | % |
| Други субјекти | 00:19:09 | 10,09 | % |
| СДСМ | 00:04:21 | 2,29 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:21 | 1,24 | % |
| Судство | 00:04:27 | 2,34 | % |
| Унитети | 00:01:31 | 0,80 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:01 | 0,54 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:09 | 1,66 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:21 | 0,18 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:21 | 0,18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:39 | 1,92 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:00 | 0,53 | % |
| **Вкупно:** | **03:09:52** | 100 | % |

Четири категории субјекти, зафаќаат речиси половина од времето на анализираните прилози на ТВ Шења во периодот од 22 до 31 октомври - „Без субјекти", „Експерти/аналитичари", ДИК и други органи" и „Други субјекти". Редоследот на двете првозастапени е идентичен како и во претходниот извештаен период.

Најприсутна со 14.55% (безмалку 28 минути) е методолошката категорија „Без субјекти". Интенцијата на медиумот да информира за проблемите со коишто се соочува обичниот граѓанин во секојдневниот живот, но и да поттикне решавање на тие проблеми, продолжува и во овој извештаен период. Станува збор пред се за прилози во коишто медиумот говори за проблемите на жителите со раскопаната улица „Дижонска" во Чаир, за сличните проблеми, со раскопаните улици, на жителите од населбата Визбегово, проблемите на тетовчани со дивите депонииии, проблемите со водата за пиење на жителите од село Студеничани, проблемите со коишто се соочуваат пациентите во кумановската болница и др. Во најголем дел од овие прилози, единствен соговорник се жителите на тие населени места, коишто пред камерата на телевизијата, ги изнесуваат маките со коишто секојдневно се соочуваат. Како пример за поттик од медиумот во решавање на проблемите на граѓаните е потенциран случајот со проблемите со водата за пиење во Студеничани. По објавување на новинарскиот прилог на ТВ Шења, на терен излегле надлежните служби од ЈП Водовод и канализација со цел да се реши деценискиот проблем на жителите, за што телевизијата повторно информираше. Информациите за ветените, а неисплатени обештетувања на дел од жителите од Сингелиќ, чиишто куќи беа поплавени, како и неколкуте анкети со граѓаните (по повод одбележувањето на празникот 23 Октомври, необележаните пешачки премини кај Бит пазар и др.), ја заокружуваат застапеноста на категоријата, методолошки дефинирана како „Без субјекти".

И во овој извештаен период, како и во претходниот, застапеноста на категоријата „Експерти/аналитичари" се должи пред се на прилозите што телевизијата ги емитуваше како извадок од информативната емисија „Арена", во којашто гостуваат често експерти или аналитичари. Во рамки на вестите, се пренесени дел од изјавите на гостите и оттука во овој извештаен период оваа категорија субјекти е второрангирана според временската застапеност во вкупно анализираните прилози. Надвор од прилозите емитувани во вестите, поврзани со емисијата „Арена", ТВ Шења ставот на експертите/аналитичарите го пренесе во прилозите коишто се однесуваат на: претстојниот извештај на ЕУ за напредокот на нашата земја, конкурсите за вработувања во државните институции во пресрет на изборите, за тоа на кого му одговара евентуалното одложување на изборите, која партија може да биде победник во албанскиот политички блок, за предизборни ветувања на лидерот на ДУИ повторувани години station наназад итн.

Информирањето за активностите на ДИК (поставување на апликација за пријавување на гласачите од дијаспората, текот на пријавување на гласачите од странство, ставањето на увид на Избирачкиот список, расправите за изборните материјали од претходните изборни процеси) условија оваа институција да биде третозастапена како субјект во анализираните прилози на Телавизија Шења во периодот од 22 до 31 октомври. Во рамки на вестите беше емитуван и краток разговор со портпаролот на ДИК, Адмир Шабани.

Со иста процентуална застапеност од 10% (19 минути) како и во претходниот извештаен период, следува категоријата „Други субјекти", во која влегуваат: Универзитетот „Мајка Тереза", писатели, жени претприемачи, Исламска верска заедница, Југохром и др.

Со временска застапеност од 16 минути, исто како и во претходниот извештај е присутна Владата на РМ. Известувањето за претставниците на Владата се однесува на нивните редовни активности, со исклучок на информациите поврзани со сообраќајните прекршоци што ги направил дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, Диме Спасов.

Телевизијата извести за активностите на 8 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања, посредно или непосредно (со отстапен простор за директно обраќање), подредени според временската застапеност, се пренесени на следниве субјекти: ДУИ, Беса, СДСМ, ДПА, Унитети, ВМРО ДПМНЕ, ПДП и Коалиција Унитети, ДПА-ДР, НДП на Весел Мемеди.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:00:17 | 0,60 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:29 | 1,03 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:33 | 11,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:33 | 5,43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:15 | 23,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:38 | 7,73 | % |
| СДСМ | 00:01:14 | 2,62 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:19 | 9,18 | % |
| Унитети | 00:00:56 | 1,99 | % |
| Други субјекти | 00:06:55 | 14,72 | % |
| Влада на РМ | 00:03:45 | 7,98 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:20 | 2,84 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:39 | 1,38 | % |
| Беса | 00:02:48 | 5,96 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:25 | 0,89 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:54 | 1,91 | % |

**Вкупно: 00:47:00 100 %**

Според отстапеното време за директни обраќања, повторно првозастапен е субјектот „Експерти/аналитичари", со удел поголем од 1/5 во вкупното време одвоено за непосреден контакт со гледачите. Следуваат директните обраќања на: „Други субјекти", „Граѓански сектор", „ДИК и други органи" итн.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебатни емисии*

Емитувани се три премиерни дебатни изданија, сите во рамки на емисијата „Арена" и 13 репризни емитувања, дел на премиерните дебати од овој извештаен период, дел на премиерите од претходниот период (од 12 до 21 октомври).

Првото премиерно издание на емисијата е емитувано на 25 октомври. Испитувањата на јавното мислење беа тема на разговор со гостите Миша Поповиќ од Институтот за демократија, Муса Бакиу од Институтот за политики и добро владеење и аналитичарот Роберт Несими. Емисијата е пет пати репризирана, по еднаш на 26, 28 и 30 октомври и два пати на 29 октомври.

На 26 октомври, за претстојните декемвриски избори, во студиото на ТВ Шења дебатираа универзитетскиот професор Осман Кадриу и новинарите Ацо Кабранов и Наим Синани. Ова издание на емисијата „Арена" е два пати репризирано, на 27 и 30 октомври.

Третото премиерно издание на емисијата е емитувано на 27 октомври, а гости беа заменик-претседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца и аналитичарот Тодор Андонов. Изборите и актуелната политичка состојба, беа тема на разговор во емисијата, којашто е два пати репризирана, на 30 и 31 октомври.

Емитувани се и четири репризни изданија на емисијата „Арена", на вкупно три премиерни изданија емитувани во рамки на претходниот извештаен период (од 12 до 21 октомври). Две репризи се емитувани на емисијата од 20 октомври, во којашто гостуваа новинарот Љубиша Станковиќ и Бујар Дардишта. Репризите се емитувани на 23 и 24 октомври. Дебатната емисија од 18 октомври, со гостите Ристо Никовски, Зеќирја Ибраими и Агим Јонуз, беше репризирана на 23 октомври, а истиот ден беше и репризата на емисијата „Арена" од 19 октомври, кога гостуваа Мухамед Халили и Милаим Латифи.

### *Друга информативна програма*

На 22 октомври е емитувано репризно издание на емисијата „Траги" од 21 октомври. Пријавувањето корупција и мито и соработката по овие прашања со надлежните органи, беше тема на емисијата.

Во извештајниот период, се емитувани премиерни и репризни изданија на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore). Емисијата е составена од прилози за настани што се случиле во текот на претходните денови.

***Сектор за програмски работи***